МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 04-794/15
10.7.2025 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 и член 52 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), в.д. директорот на Министерство за образование и наука - Бирото за развој на образованието, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по Интерен оглас број 02/2025 за унапредување на административен службеник во Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието

1. Кандидатот **Марјан Бошалевски**, по пат на интерен оглас број 02/2025 се избира за работно место **УПР0101Б04000, раководител на Подрачното одделение на Бирото со седиште во Кавадарци** во Подрачно одделение на Бирото со седиште во Кавадарци во Сектор за следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците - 1 извршител.
2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 02/2025 со архивски број 04-794/2 од 13.6.2025 година.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број 19-4914/2 од 14.5.2025 година директорот на Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието упати барање за започнување на постапка за унапредување на административни службеници со архивски број 04-794/1 од 13.6.2025 година и барање број 04-794/3 од 13.6.2025 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници во Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието. Одделението за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 02/2025 со архивски бр. 04-794/2 од 13.6.2025 година за унапредување на 2 (два) административни службеници во Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието, на ден 19.6.2025 година на веб страницата на Бирото и на веб страницата на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, комисијата за унапредување на административни службеници, формирана од страна на директорот на Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието со Решение

за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административни службеници со архивски број 04-794/10 од 3.7.2025 година (согласно Номинацијата на членови бр. 10-1456/2 од 24.6.2025 година од Агенцијата за администрација) направи административна селекција на пријавените кандидати кои што ги исполнуваа условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието.. Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас за број 02/2025 за унапредување на административни службеници во Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието со архивски бр. 04-794/11 од 9.7.2025 година, Записник од спроведување на интервју за унапредување на административни службеници на работно место од категорија Б со архивски бр. 04-794/12 од 9.7.2025 година, со Финални ранг листи на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираните кандидати по Интерен оглас 02/2025. Врз основа на ранг листите со предлог одлука за избор директорот на Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

ДИРЕКТОР

---------------------------

м-р Милка Тримчевска

Доставено до:
- именуваниот/та;
-Одделение за управување со човечки ресурси
- архива

Изготвил: Емилија Пановска
Одобрил: м-р Оливер Станојоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 04-794/13
10.7. 2025 год./viti
СКОПЈЕ/SHKUP

Врз основа на член 10 и член 52 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), директорот на Министерство за образование и наука - Бирото за развој на образованието, донесе

**ОДЛУКА**
**за не вршење избор на кандидат по Интерен оглас број 02/2025 за унапредување на административен службеник во Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието**

1. За работното место **УПР0101В01000, Советник за следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците во** Подрачно одделение на Бирото со седиште во Струмица во Сектор следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците - 1 извршител, не се врши избор.
2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број 19-4914/2 од 14.5.2025 година директорот на Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието упати барање за започнување на постапка за унапредување на административни службеници со архивски број 04-794/1 од 13.6.2025 година и барање број 04-794/3 од 13.6.2025 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници во Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието. Одделението за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 02/2025 со архивски бр. 04-794/2 од 13.6.2025 година за унапредување на 2 (два) административни службеници во Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието, на ден 19.6.2025 година на веб страницата на Бирото и на веб страницата на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, комисијата за унапредување на административни службеници, формирана од страна на директорот на Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административни службеници со архивски број 04-794/10 од 3.7.2025 година (согласно Номинацијата на членови бр. 10-1456/2 од 24.6.2025 година од Агенцијата за администрација) направи административна селекција на пријавените кандидати кои што ги исполнуваа условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерство за образование и

наука – Биро за развој на образованието. Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас за број 02/2025 за унапредување на административни службеници во Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието со архивски бр. 04-794/11 од 9.7.2025 година,

На интерниот оглас бр. 02/2025 за работно место **Советник за следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците** е пријавен еден кандидат, **Костадин Марков – помлад соработник** во Бирото и истиот не е уреден и не продолжува на интервју, поради видот на образование. Кандидатот е дипломиран фаготист и не припаѓа на видот на образование кое се бара на интерниот оглас.

Имајќи предвид дека за работното место **Советник за следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците**, нема уредни кандидати и нема предлог за избор со оглед на тоа што единствениот кандидат не бил уреден, директорот на Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

ДИРЕКТОР

------------------------

м-р Милка Тримчевска

Доставено до:
- именуваниот кандидат;
-Одделение за управување со човечки ресурси
- архива

Изготвил: Емилија Пановска
Одобрил: м-р Оливер Станојоски